МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 63 став 3 од Законот за сточарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 116/10и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНАТА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ПРАВНИ ИЛИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА, КОИ СЕ СТРУЧНО ОСПОСОБЕНИ ДА ВРШАТ СТРУЧЕН НАДЗОР НАД ОДДЕЛНИ ЈАВНИ УСЛУГИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува стручната оспособеност за правни или физички лица, кои се стручно оспособени да вршат стручен надзор над одделни јавни услуги.

**Член 2**

Правното лице за вршење на стручен надзор над одделните јавни услуги треба да има вработено најмалку три лица дипломирани инжинери од научна област анимална биотехнологија – сточарство кои треба да имаат минимум пет годишно работно искуство во делот на спроведување на стручните задачи како јавни услуги од член 62 од Законот за сточарството.

**Член 3**

Физичкото лице за вршење на стручен надзор над одделна јавна услуга треба да е дипломиран инжинер од научна област анимална биотехнологија – сточарство и треба да има минимум пет годишно работно искуство во делот на спроведување на стручните задачи како јавни услуги од член 62 од Законот за сточарството.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-5902/4 Министер за
земјоделство,

31 јули 2014 година шумарство и
водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков,
с.р.